Врз основа на член 48 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „*Св. Кирил и Методиј* “ Скопје, во учебната 2011/2012 година, се склучува:

**Д О Г О В О Р**

*за меѓусебните права и обврски на студентите на II циклус на двогодишни студии (модел 3+1+1), запишани во учебната 2011/2012 и Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје во остварувањето на наставно-образовниот процес*

Договорот се склучува помеѓу

***1.*** Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје, ул. Руѓер Бошковиќ 16 Скопје, со ЕМБС 6696287 застапуван од деканот проф. д-р Димитар Трајанов и

***2.*** Студентот ____________________________________ ул. ________________________ _______________ бр .______ од _________________ со ЕМБГ ___________________, како договорни страни.

**Член 1**

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство -Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) презема обврска студентот, дavател на средствата за школарина (во понатамошниот текст: студентот) да го запише како студент на II циклус на студиите под условите утврдени во глава I од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми во учебната 2011/2012 година и овој договор. Студентот може да се запише на втор циклус на студии на Факултетот, ако ги исполни условите од глава II од конкурсот.

**Член 2**

Со запишувањето на Факултетот, студентот стекнува права и обврски утврдени со Законот за високото образование, Статутот и другите општи акти на Универзитетот Св. Кирил и Методиј и актите на Факултетот и кои се однесуваат на режимот на студии од II циклус.

**Член 3**

Висината на средствата за кофинансирање на студиите изнесува 2500 ЕВРА, пресметани во денарска противвредност. Утврдениот износ студентот го плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на плаќањето, во 4 (четири2) рати, од кои првата, во висина од 625 ЕВРА при запишувањето студиите, втората, третата и четвртата во висина од 625 ЕВРА секоја при запишување на вториот, третиот и четвртиот семестар, но не подоцна од 15.02.2012 за втората, 01.10.2012 за третата и 15.02.2013 за четвртата. Втората, третата и четвртата рата можат да се платат и во 2 дела секоја, и тоа прв дел при запишувањето на соодветниоте семестар семестар, а вториот на средината на соодветниот семестар, односно споед следната динамика.

| Рата | Прв дел не подоцна од | Втор дел не подоцна од |
|---|---|---|
| Втора рата од 625 ЕУР | 15.02.2012 | 15.04.2012 |
| Трета рата од 625 ЕУР | 01.10.2012 | 15.11.2012 |
| Чеврта рата од 625 ЕУР | 15.02.2013 | 15.04.2013 |

Непочитувањето на овие рокови повлекува засметување на законска камата од 10% на годишно ниво.

**Член 4**

Ако студентот не успее во предвидените рокови да положи одредени испити утврдени со студиските и предметните програми, истите ги презапишува предметите со плаќање на соодветен надоместок согласно. Надоместокот изнесува 1/120 од школарината на студиската програма помножено со бројот на кредити на предметите кои се презапишуваат.

**Член 5**

Факултетот е должен додека трае овој Договор на студентот да му обезбеди услови за студирање заради остварување на наставно-образовниот процес во согласност со актите на Универзитетот и Правилата за студирање на Факултетот.

**Член 6**

Согласно член 223 од Статутот на Универзитетот, студентот треба да ги заврши студиите во рок од 4 години (односно најмногу двојно од траењето на студиската програма). По истекувањето на овој рок, студентот кој ги положил сите испити е дожен да пријави магистерска тема. Рокот за изработка на темата е 1 година. Студентите кои нема да пријават магистерска тема во овој рок, ќе бидат обврзани да плаќаат соодветни казни, утврдени од деканатската управа на Факултетот.

**Член 7**

Студентот давател на средствата за школарина може да го раскине овој Договор без можност за враќање на уплатените средства за студирање, со што му престанува статусот студент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

**Член 8**

Во случај на спор по овој договор надлежен е судот во Скопје.

**Член 9**

Овој Договор е склучен во три еднакви примероци, од кои два за Факултетот и еден примерок за давателот на средствата за кофинансирање.

СТУДЕНТ,

Д Е К А Н,
Проф. д-р Димитар Трајанов